# ,Ве советувам со богобојазливост кон Аллах, и со слушање и покорување, дури и ако со вас владее роб. Навистина, оној што ќе живее од вас по мене, ќе види многу разидувања. Затоа држете се за мојот Сунет и за Сунетот на праведните, упатени халифи

Ебу Неџих ел-Ирбад бин Сарија, Аллах нека е задоволен со него, рекол: „Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нѐ посоветува со еден совет од кој срцата ни затреперија, а очите ни се наполнија со солзи. Па рековме: ,О, Божји пратенику, ова личи на проштален совет, затоа посоветувај нѐ!‘ Тој рече: ,Ве советувам со богобојазливост кон Аллах, и со слушање и покорување, дури и ако со вас владее роб. Навистина, оној што ќе живее од вас по мене, ќе види многу разидувања. Затоа држете се за мојот Сунет и за Сунетот на праведните, упатени халифи – цврсто држете се за нив со забите. И пазете се од новотариите, затоа што секоја новотарија е заблуда.‘“

[صحيح] [رواه أبو داود والترمذي]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, ги советувал асхабите со убави совети, поради кои срцата им се исполнија со страв, а очите им се насолзија, па кажаа: О, Аллахов пратенику, како да држиш проштален говор. Асхабите забележаа сериозност во говорот на Аллаховиот пратеник, алејхи селам, па затоа побараа да им остави аманет кој тие ќе го исполнат после него, а тој им рече: Ви оставам завет да се плашите од Аллах, така што ќе ги исполнувате обврските, а ќе ги избегнувате забранетите работи, ќе им бидете послушни на вашите водачи, па дури тој водач да биде роб или да ја преземе власта, т.е. и од најнизок слој на луѓе да ви стане водач немојте да ви биде одбивно, туку следете го, за да не дојде до неред, а кој ќе го дочека тоа од вас за време на својот живот, ќе биде сведок и на големи несогласувања, потоа им го објаснил излезот од ова несогласување, дека тоа е можно доколку ја следат неговата традиција (Сунетот) и традицијата на праведните и упатените халифи, кои ќе дојдат после Пратеникот: Ебу Бекр, Омер бин Хатаб, Осман бин Афан и Али бин ебу Талиб, Аллах нека е задоволен со сите нив, и за тие традиции нека се фатат како да загризат со катниците до последниот мислејќи со ова: сериозност во следењето на традицијата и неотстапување од неа, и ги предупредил од некои ново-воведени работи во верата, а секоја таква измислена работа го носи човекот во заблуда.